РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-711/9

06-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 51та седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата го запира постапувањето по предметот 09-711 од 15.02.2021 година затоа што се води судска постапка пред Основен суд Скопје 2 Скопје.

Предметот со број 09-711 од 15.02.2021 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-711 од 15.02.2021 година е оформен по пријава од познат подносител, во врска со стечајната постапка за ------------ --------- АД Скопје, против стечајната судијка -------- ---------- поради сомнение дека нејзиниот сопруг соработувал со стечајниот управник, затоа што нејзиниот сопруг бил сопственик и управител на повеќе фирми и тоа ------ ---------, ------ ------- -------, ------ ------ --------, ----------, --- --------, каде фирмите ------ ------ ---- и ----- ------ имале кредити и депозити во ----------- ----- сега во стечај.
Во пријавата се наведува дека стечајниот управник ------ ------- бил запознаен со фирмите на сопругот на судијката.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до Основен граѓански суд Скопје 2 Скопје и достави Барање за прибирање податоци и информации во врска со тоа кој судија постапува во спорот во врска со „---------- ------" АД Скопје во стечај?
Исто така, достави барање за податоци и до стечајниот управник во врска со тоа дали правните лица ------ ------ ---- и ----- ------ имаат кредити и депозити во „„---------- ------ " АД Скопје.

Во законски предвидениот рок, Државната комисија ги доби бараните податоци и информации, при што од Основен Граѓански суд Скопје 2 Скопје, доби известување дека судијката --------- ------------ постапувала во стечајна постапка отворена над должникот ---------- ------Ад Скопје во стечај, сметано од отварање на предметот на стечајната постапка од 14.08.2020 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со решение од 17.03.2021 година, судијата ------- ------ е иземена од постапувањето по наведениот предмет и сметано од 22.03.2021 година во стечајната постапка над должникот постапува друг судија.

Државната комисија, повторно се обрати до Основен Граѓански суд Скопје 2 Скопје и достави барање за доставување на податоци и информации за тоа дали во периодот од 14.08.2021 година до 17.03.2021 година кога во стечајна постапка над --------- ------ АД Скопје како стечаен судија постапувала судијата ----- -------- се донесени некакви одлуки и доколку се, што е одлучено со истите.

Основниот граѓански суд Скопје 2 Скопје, во прилог ги достави сите Решенија во стечајната постапка донесени од судијката Ирена Петрушевска.

Државната комисија, при повторно разгледување на предметната документација имајќи ја во предвид сложеноста на проблематиката во конкретниот предмет, како и тоа дека се води судска постапка пред граѓанскиот суд, одлучи да го запре постапувањето по предметот со број 09-711 и истиот да го достави до Судски Совет на надлежно постапување и одлучување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Ш.И., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk